ОУ Дом на културата „Злетовски Рудар“ Пробиштип
/dk_probistip@yahoo.com /+38975 322 614

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинска установа-Дом на културата
„ Злетовски Рудар "
Бр. 01-38/1
21. 02. 2024 год.
ПРОБИШТИП

# И з в е ш т а ј

За работа на ОУ Дом на културата „Злетовски Рудар”- Пробиштип

за 2023 година

Во изминатата 2023 година континуирано се одвиваше реализирањето на активности, настани, манифестации и фестивали предвидени во Програмата за работа на Домот на културата „Злетовски Рудар”- Пробиштип. Реализирани беа и проектите кои беа одобрени на годишните конкурси од Министерство за култура. Во 2023 година Дом на културата активно се вклучи како ко-организатор на организирање на настани заедно со општина Пробиштип.

## ❖ Библиотечно-издавачка дејност

Во областа на библиотечно-издавачката дејност се реализирани следните активности:

- Збогатување на книжниот фонд предвиден за 2023 година со нови наслови од стручна литература како и лектирни изданија и белетристика;
- Обработка на книжниот фонд од страна на стручните лица и внесување во мрежата cobiss;
- Првчињата од основните училишта од учебната година 2023 за време на „Детската недела” ја посетија градската библиотека и бесплатно беа зачленети во библиотеката;
- Активно работи литературниот клуб „Процвет”;
- Гостување и учество на литературниот клуб „Процвет” на детскиот фестивал „Пролет, Љубов ,Смеа” во Свети Николе на 20.04.2023 година на кој наша претставничка Хана Кралевска освои прво место во категорија млади поети од 6-9 одделение,а Василија Василева доби пофалница за својата творба ;
- Гостување и учество на ЛК „Процвет” на манифестацијата ДПФ „Мајски Цвет” во Кочани на 31.05.2023 на кој нашите учесниците добија благодарници за учество на овој фестивал;
- Промоција на промоција на книгата”Емотивен талог” од Ана Јовковска која во разговор со модераторот Огнен Јанески ни зборуваше за тематиката на книгата и за инспирацијата да ја напише оваа книга. Промоцијата се одржа на 06.03.2023 година во конференциската сала, а присутни беа сите љубители на пишаниот збор од нашиот град;
- По повод Меѓународниот ден на литература за деца и млади, Домот на културата организираше промоција на книги од Киро Донев, човек кој целиот свој живот го посветил на пишување литература за деца.Писателот читаше песни и раскажуваше за својот творечки животен пат.Учениците од основните училишта кои и обработуваат лектирни изданија од Киро Донев

уживаа во неговото излагање.Промоцијата се одржа во кино салата "Рудар",на 03.04.2023 година.

- По повод Светскиот ден на книгата 24.04.2023 година, во градската библиотека беа доделени награди за најверните и најредовните читатели.
- По повод денот на поезијата во Крива Паланка членовите на литературниот клуб "Процвет" од Пробиштип и членовите на литературниот клуб "Калин" од Крива Паланка се претставија со творби пред публиката од Крива Паланка, на 21.03.2023 година.
- Нашата сограѓанка авторката Тања Гоцева направи промоција на својата втора книга „Љубов и страст" пред љубителите на пишаниот збор од Пробиштип. Публиката имаше можност да слушне дел од стиховите на оваа книга. Имавме вечер на емоции, љубов и страст и вистинско уживање на публиката. Промоцијата се одржа во изложбениот салон на 11.05.2023 година.
- Нашата сограѓанка авторката Ивана Јанева направи промоција на својата книга „Безгласната девојка" пред нашите сограѓани, кои имаа можност да слушнат дел од стиховите на оваа книга. Промоцијата се одржа во конференциската сала на 24.06.2023 година.
- Поетесата и авторката на книгата „Топли одрони" Ирена Белешковска од Крива Паланка направи промоција пред љубителите на пишаниот збор од Пробиштип, во конференциската сала на 18.10.2023 година.
- Авторот на книгата „Од нашето национално и локално минато и животот во село Кундино" Боро Максимовски од Пробиштип направи промоција пред љубителите на пишаниот збор од својот град. Публиката имаше можност да слушне дел од записите што долг период ги собирал учителот и за животот во тој период во неколку околни села во кои и бил учител. Промоцијата се одржа во конференциската сала на 27.10.2023 година.
- Унгарската заедница во Македонија направи презентација на унгарското творештво во нашиот град. Проектот е на Здружението на Унгарците во Македонија ТЕЛЕДОМ во соработка со Амбасадата на Унгарија. Настанот се одржа на 24.11.2023 година во изложбениот салон.
- Оваа година организиравме и Саем на книгата кој се одржа на 06.09.2023 година пред платото на Домот на културата. На саемот учество зедоа 7

книгоиздавачки куќи од нашата држава кои понудија голем број на наслови по саемски цени.

## ❖ Ликовна - галериска дејност

Во рамките на оваа дејност се реализираа следните активности:

- Оваа година Домот на културата успешно го реализираше 31 –то издание на „Лесновска ликовна колонија 2023 година”. Колонијата се одржа од 28.06.2023 до 02.07.2023 година. Учество зедоа 17 уметници кои изработија 30 уметнички дела кои станаа дел од галериската збирка на Дом на културата. Уметничките дела изработени на ова издание за прв пат беа изложени во Дом на културата во Пробиштип на 07.09.2023 година, а потоа беа изложувани во Центрите за култура во Кочани, Крива Паланка и Свети Николе, а ќе продолжат да се изложуваат и во останатите центри оваа година.
- Уметничките дела создадени на 30-то издание на Лесновската ликовна колонија беа изложувани во Куманово, Берово, Македонска Каменица, Делчево,Виница и Демир Капија.
- Уметничките дела создадени на Лесновската ликовна колонија во 1999 на тема икони беа изложени во Домот на културата „Мирка Гинова”-Демир Капија.
- Изложба текстил арт на минијатури изработени од Бранка Спасовска насловена „Биди жена“ во Центарот за култура „Крива Паланка”- Крива Паланка на 21.03.2023 година;
- Изложба текстил арт на минијатури изработени од Бранка Спасовска насловена „Скиците на Пикасо“ во Домот на култура „Тошо Арсов”-Виница на 22.09.2023 година и во Центарот за култура „Бели Мугри”-Кочани на 10.10.2023 година.
- Изложба на уметничките дела на уметникот Драган Кузмановски на 23.05 2023 година.
- Оваа година беше отворена и ликовната изложба на авторот Душан Коцев од Радовиш по повод Денот на нашиот град 28- ми Август на 28.08.2023 година;
- Отворена беше и изложбата на уметнички дела изработени од уметницата Акиме Несуфи Рецепи. Љубителите на уметноста имаа можност да ги проследат

уметничките дела и да уживаат во изожбата на која беше претставен ликот на жената,мајката и бабата; Изложбата се отвори на 29.09.2023 година.

- По повод Светскиот ден на уметноста во Домот на културата “Злетовски Рудар” беше отворена изложбата на карикатури насловена „Жената-глава на семејството” која е дел од минатогодишното издание на Фестивалот за хумор и сатира „ИН Виница Веритас” во организација на Домот на културата Тошо Арсов од Виница на11.04.2023 година;
- Во изложбениот салон на Домот на културата „Злетовски Рудар” се одржа изложбата на авторот Рубинчо Белчески од Прилеп насловена како „Ченто-Биографија низ фотографијата”. На изложбата беше прикажан животот на првиот претседател на Президумот на АСНОМ прикажан низ хронолошки подредени фотографии на 10.05.2023 година;
- Изложба на уметнички дела од Ликовна колонија „Ѓуриште“ од Свети Николе на 12.10.2023 година;
- По повод Светскиот ден на планината, СПД Пробиштип во соработка со Домот на културата „Злетовски рудар” Пробиштип, организираше изложба на фотографии на дел од акциите и убавините на Македонија на 11.12.2023 година;
- Унгарската заедница во Македонија направи презентација на унгарското творештво во нашиот град. Проектот е на Здружението на Унгарците во Македонија ТЕЛЕДОМ во соработка со Амбасадата на Унгарија.Настанот се одржа на 24.11.2023 година во изложбениот салон. Во склоп на настанот посетителите имаа можност да проследат и изложба на уметнички дела.

## ❖ Музичко - сценско уметничка дејност

- Божиќен концерт кој се одржа на 09.01.2023 година во изложбениот салон при Дом на културата. На концертот се претставија учениците од нижото музичко училиште во класата на професор Далибор Зафировски;
- По повод Денот  на општина Пробиштип, Денот на рударите и Голема богородица, Домот на културата “Злетовски Рудар” организираше Фолклорна вечер. Оваа година љубителите на фолклорот имаа можност да го проследат настапот на Македонија Ансамбл и да уживаат во нивниот целовечерен концерт,  на 24.08.2023 година.
- Дуо Скупи од Скопје составено од Јета Ставрова-Мехмети(флејта) и Ермаљ Мехмети(виолина), одржаа целовечерен концерт со уникатен и несекојдневен спој на класиката со народната македонска песна пред пробиштипската публика, на 08.06.2023 година.
- За едно од најголемото музички телевизиски програми „Ритамот на Европа” се одржа аудиција на која беа избрани талентирани учесници од областа на танцот и соло пеење .Домот на културата ќе ги поддржи овие таленти и понатаму во наредните фази на натпреварување. Аудицијата се одржа на 02.07.2023 година,а со проби и настапи продолжија во текот на целата година,а ќе продолжат и понатаму до самото финале.

.

- **КУД „Злетовски Рудар“**

Во текот на 2023 година продолжи да работи и да извршува проби КУД “Злетовски Рудар “ -Пробиштип.

- Со дефиле до плоштад Македонија започна организација за одржување традиционална манифестација под наслов „Велики Поклади (Прочка) 2023“, на која учествуваше малата група КУД „Злетовски Рудар”- Пробиштип, која го негува изворниот фолклор под раководство на Ванде Маневски на 26.02.2023 година.

-Со извршување проби на КУД „Злетовски Рудар “ –Пробиштип започна да работи кореографот од ансамблот Танец, Љупче Маринковски под чие раководство се реализираше новогодишниот концерт во преубава атмосфера во киносалата заедно со гостите КУД „Ефрем Каранов” од Кратово и КУД „8-ми Октомври” од Крива Паланка, на 23.12.2023 година.

- КУД „Злетовски Рудар “ –Пробиштип учествуваше на новогодишниот концерт во организација на КУД „Ефрем Каранов”- Кратово на 22.12.2023 година.

- **Балетското студио „Магија”**

Изминатата 2023 год беше значително успешна за Балетското студио „Магија“ кое работи при Дом на културата „Злетовски Рудар“ Пробиштип. Освен тековните часови кои што редовно се одржуваа со сите деца, Магија организираше и концерти и учествуваше на голем број натпревари.

За прв пат децата од „Магија” зедоа учество на Пробиштипскиот маскенбал, како натпреварувачи. Со маската „Зоотопија” ја освоија наградата за најкреативна маска. Истиот месец април, во просториите на Домот на културата се одржаа и две работилници за современ танц за почетници и напреднати танчери. Работилницата ја водеше Јована Зајкова дипломиран балетски педагог, кореограф, современ танчер и заменик професор во средното Балетско училиште во Скопје. На оваа работилница учествуваа 40 деца. Балетското студио „Магија” зеде учество на Фестивалот „Денс-фест”-Куманово, на 22.04.2023 година. Учесниците се вратија со освоени голем број на награди и едно прво место. По повод Светскиот ден на танцот 29 април,а воедно и по повод шестиот роденденот на балетското студио “Магија” се одржа целовечерен концерт на кој учество зедоа околу 70 деца на возраст од 4 до 16 години.

На натпреварот Artist Hub DanceCompetition кој се одржа на 14.05.2023 година,Децата од “Магија” се закитија со 5 први и 2 втори места.Од 130 кореографии колку што се натпреватуваа,јуниорската екипа се пласираше во најдобрите 18 кореографиии и се закити со уште еден триумф,односно станаа победници во Гала вечерта со кореографијата “Outside the box” за која што имаше многу позитивни реакции. На семинарот на кореографот Рикардо Компос Ферера од Португалија,кој

што беше во склоп на натпреварот,учествуваа јуниори од 12 до 16 години и се здобија со соодветни сертификати.

Дел од децата и јуниорите од балетското студио “Магија”, ја имаа честа да го отворат WKC ,балканско првенство за кадети, јуниори и сениори кое што оваа година се одржа во Пробиштип. Веќе на 11 јуни “Магија” учествуваше на традицилоналниот натпревар „Dance off” на кој што имаше учесници од 8 земји, а децата од Магија се здобија со три први места. На 12 јуни во Скопје по трети пат се одржа Фестивал на класичен балет и модерен танц на кој учество зема и “Магија”. Со најголем број на трофеи „Магија” се врати од натпреварот „International Dance Competition”- Штип кој се одржа на 17 јуни „Магија” освои вкупно 15 трофеи. Се закитија и со специјална награда за најдобра џез кореографија во категоријата Мини кидс соло.Освен оваа награда,јуниорите кои се пласираа во најдобрите Топ 15 кореографии,освоија специјална награда бесплатни котизации за “Christmas Dance competition 2023”,а победник во соло,во гала вечерта беше Лука Ѓоргиевски од “Магија”.На танцовата вечер насловена како Компоненти во продукција на Моушн нетворк кој се одржа на 21 јуни во Штип во Центарот за култура “Трајко Прокопиев” учество земаа 6 најдобри кореографии од Македонија со свои перформанси.Како дел од најдобрите ,”Магија” се претстави со кореографијата“Outside the box” кој беше наградена со грмогласен апауз.

Како и секоја година ,така и оваа балетското студио “Магија” учествуваше на Танц кампот во Охрид 2023 година,а во организација на балетското студио “Анабела” од Велес.Децата имаа секојдневни работилници на кои што работеасо различни кореографи и асистенти. Исто така на натпреварите кои се одржаа на кампот Софија Јовановска во категорија деца и Јана Ѓоргиевска во категорија јуниори беа победници.

На 11 ноември на интернационалниот натпревар “Stage” кој што секоја година се одржава во Националната Опера и балет,”Магија” учествуваше со две кореографии и освои едно прво и едно второ место.Во Велес на прекрасната сцена на Велешкиот театар Васил.Х.К. Цинот на 17 декември се одржа натпреварот Christmas Dance competition 2023 на кој што имаше 1300 учесници.На овој натпревар Балетското студио Магија учествуваше со дури 18 кореографии. Освоија многу награди,први и втори места во групи и формации и од прво до седмо место во соло,во неверојатно голема конкуренција.

Балетското студио „Магија” ни приреди магичен крај на оваа година со новогодишниот концерт насловен како „Се е возможно” кој се одржа на 27 декември. Нашите сограѓани имаа можност да уживаат во новогодишниот концерт на кој беа изведени голем број на кореографии во кои учествуваа сите дечиња членови на балетското студио.

## ❖ Музејска дејност

По повод Светскиот ден на музеите кој се празнува на 18 мај нашите сограѓани како и учениците од училиштата во нашиот град бесплатно го посетија единствениот Музеј за ретки минерали во нашата држава. По повод детската недела, организирано, Музејот го посетија деца од градинка . Тековно, музејот беше отворен за сите заинтересирани посетители, како за нашите сограѓани, така и за туристи.

## ❖ Драмска дејност

- 17.03.2023 Детска театарска претстава „Зеленковци“ на Театар Провокација Учениците од сите училишта организирано дојдоа и ја проследија оваа претстава ,кој тематски беше за екологијат.
- 17.03.2023 Театарска претстава „Пациенти“ на Театар Провокација Претставата беше урнебесна комедија и публиката имаше можност да се насмее до солзи.
- 12.05.2023 Актерката Надица Петрова кој ни гостуваше со стенд-ап комедијата “НЕ СЕ КУРЧИ”.
- 15.07.2023 Во организација на Младинскиот културен центар,а со подршка на Дом на културата „Злетовски Рудар” ,се одржа театарската претстава „Ивица и Марица” во која учество земаа членови на младинскиот културен.
- 06.10.2023 Продукција Артленд и бејби Арт од Скопје ни гостуваше со детската претстава „Доживувањата на куферко”.Учениците од сите училишта организирано дојдоа и ја проследија оваа претстава. Претставата беше интерактивна, а дечињата со песни ,насмевки и игра ја проследија оваа претстава;

- 16.11.2023 Театар Провокација од Скопје ни гостуваше со детската куклена претстава „Другарство” која е интерактивна претстава за најмалата публика;
- 28.11.2023 Аматерскиот театар од Кавадарци ни гостуваше со претставата „Не се клади на Англези”. Претставата беше урнебесна комедија и љубителите на оваа уметност имаа можност да се насмејат до солзи.
- 19.12.2023 По повод новогодишните празници, Дом на културата организираше новогодишна претстава насловена како „Новогодишни подароци”. Претставата се играше во три термини и сите дечиња од училиштата и градинките имаа можност да ја проследат.

## ❖ Киноприкажувачка дејност

- 23.03.2023 Кино проекција на филмот „Гостинот“комедија на Дучо Кјарини;
- 23.03.2023 Кино проекција на детскиот филм „Џиновската круша“во режија на Филип Ајнстин Липски, Јурген Лердам и Амелие Несби Фик;
- 17.05.2023 Кино проекција на филмот „Преекспонирано“ во режија на Елеонора Венинова;
- 25.05.2023 Кино проекција на филмот „Што е жена“ филм на Мет Волш.
- 01.06.2023 Кино преокција на филмот „Пролетна магија” со Биби и Боби
- 01.06.2023 Кино проекција на филмот „Најсреќниот човек на светот“ во режија на Теона Стругар Митевска;
- 22.09.2023 Кино проекција на филмот „Нешто слатко“ комедија во режија на Тин Водопивец;
- 10.10.2023 Кино проекција на филмот „ТЕ ДУА ЖИМИ МЕНЕ“во режија на Марјан Гавриловски;
- 19.10.2023 Кино проекција на филмот „Кино Љубов“ филм на Јани Бојаџи;
- 30.10-03.11.2023Во кино сала „Рудар” една недела се прикажаа македонските филмски класици.Станува збор за следните филмови:Тетовирање,Среќна нова’49,Џипси меџик, Исправи се Делфина и Хај –Фај.
- 09.11.2023 Кино проекција на филмот „Чуварите на формулата“ филм на Драган Бјелогрлиќ;
- 26.12.2023 Кино проекција на филмот „Звуците на Новата година” со Биби и Боби;

-На 05.06-06.06.2023 година се одржа Филмскиот фестивал за млади „Џифони патува”,на кој младите од нашиот град имаа можност да проследат филмовите да дискутираат, да учествуваат на работилници за филмска дејност и да се забавуваат.

❖ **Администрација и техничко одржување**

Во текот на 2023 година покрај набавката на канцелариската опрема и средства за хигиена се набавуваа и сите останати артикли неопходни за непречено функционирање на институцијата.

Во 2023 година исто така беше ставен во функција видео надзор во Дом на културата и киносалата “Рудар”.

Оваа година се одезбедија и клима уреди за дел од просториите во Домот на културата.

Во 2023 година исто така се изработи и Правилник за заштита од пожари и експлозии,Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи .

.

ОУ Дом на културата „Злетовски
Рудар”- Пробиштип
Д и р е к т о р
___________________
Сандра Мијалковска